Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Четириесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 21 јануари 2025 година

Скопје, јануари 2025 година

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 јануари 2025 година**

Седницата започна во 12:20 часот.

На седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија и Хасим Муртезани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Ален Деребан, заменик на министерот за правда, Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Флакрон Беџети, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Максим Ацевски, главен државен ревизор, Ирена Илиевска, директор на Агенцијата за управување со одземен имот, Олга Цветковска, помошен директор за финансиски и економски работи на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ – Скопје, Ангеле Сотироски, директор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје.

Од седницата отсуствуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање и Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство д-р Арбен Таравари, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**- Усвојување на Записникот од Четириесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 декември 2024 година**

1. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година, на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија

2. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија (Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531)) и Конечен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија (Сметка за средства од Фондот (737))

3. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 25 декември 2024 година до 31 декември 2024 година

4. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 1 јануари 2025 година до 7 јануари 2025 година

5. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 25 декември 2024 година до 31 декември 2024 година

6. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 1 јануари 2025 година до 7 јануари 2025 година

7. Информација за донесување на Статутот на Агенцијата за управување со одземен имот, со текст на Статут и со Предлог - одлука

8. Информација за потребата од отстапување на движни ствари – теренски неисправни возила на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - Скопје, со Предлог - одлука

9. Годишна сметка, Годишен извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2023 година, Финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2023 година и Извештај на независниот ревизор, со предлог - одлуки

10. Годишна сметка за 2023 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје, Годишен извештај на работењето што завршува на 31 декември 2023 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје и Финансиски извештај за годината што завршува на 31 декември 2023 година и Извештај на Независниот ревизор за 2023 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје, со дополнување и со предлог - одлуки

11. Предлог - одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје (деловен простор - Имотен лист бр.52837, КО Центар 1, КП бр.13407)

12. Статутарна одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево, со Предлог - одлука

13. Информација за промена на Статут на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро – Берза – Скопје со Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро – Берза – Скопје, со Предлог – одлука

14. Годишна програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2025 година, со Предлог - одлука

15. Информација за статусот на разрешување на спор со изведувачот на работите на Лот 2, Рехабилитација на регионален пат Р1202, делница Маврови Анови - Жировница, финансиран со средства од заем од ЕБОР, со текст на Договор за порамнување (Спогодба) и Анекс на Договор бр.5

16. Информација за статусот на финансирањето на проектот Реконструкција и рехабилитација на државен пат А2 делница Крива Паланка - Деве Баир, км 0+000 - км.13+000

17. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (педесет и деветта одлука)

18. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (шеесетта одлука)

19. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (шеесет и прва одлука)

20. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (шеесет и трета одлука)

21. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (шеесет и шеста одлука)

22. Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станови, локали и паркинг места во објект АРМ четврт 1 Блок 2 објект 2.2 во Битола и
- Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на продажни цени за објект АРМ четврт 1 Блок 2 објект 2.2 во Битола

23. Предлог - одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје

24. Предлог - одлука за давање на стопанисување на недвижна ствар на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје

25. Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба и Предлог – одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор (на КП бр.1924/9 за КО Струга, запишан во Имотен лист бр.98569)

26. Предлог - одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Лозово)

27. Предлог - уредба за изменување на Уредбата за утврдување на структурата на системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија

28. Информација за доставено Барање бр.11-7468/5 од 20.9.2024 година, за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на Јавното претпријатие за државни патишта кон Европската банка за обнова и развој поради неможност за отплата на доспеаните обврски

29. Информација за доставено Барање бр.11-6792/1 од 29.7.2024 година, за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на Јавното претпријатие за државни патишта кон Експорт-Импорт банка на Кина, поради неможност за отплата на доспеаните обврски

30. Информација за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на институции корисници на проекти финансирани од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), со предлог - одлуки

31. Информација за статус на Договор за доделување на државна помош бр.12-68/13 од 31.7.2015 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и компанијата Кранфилд Фаундри ДООЕЛ Скопје, Анекс 1 кон Договорот со арх. бр. 13-8462/1 од 5.9.2018 година, Анекс 2 кон Договорот со арх. бр. 13-6307/1 од 23.6.2020 година и Анекс 3 кон Договорот со арх. бр.09-11437/1 од 15.10.2021 година

32. Предлог - одлука за склучување на анекс на договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата

33. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за намалување на цената на становите во општествена сопственост

34. Предлог - решение за овластување на потписник за склучување на договори за купопродажба на станови

35. Предлог - програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година

36. Информација за Стратегијата за сајбер безбедност (2025 - 2028), со текст на Стратегија и Акциски план (2025-2027)

37. Информација за утврдување на вредноста на бодовите за пресметување на платите на вработените во Министерството за одбрана, согласно Законот за вработените во Министерството за одбрана, со Предлог - одлука

38. Предлог - одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „KIS EXERCISE - 2025“, во Република Турција

39. Предлог - уредба за утврдување на формула за утврдување на каталошката вредност на учебникот

40. Информација за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Меѓународно право“ на англиски јазик, на Правниот факултет при Меѓународниот балкански универзитет во Скопје, со Предлог-решение

41. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Менаџмент во услужен сектор“ на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, со Предлог - решение

42. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Технологија“ на Технолошко - металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог - решение

43. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Металургија“ на Технолошко - металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог - решение

44. Информација за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Психологија“ на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

45. Информација во врска со одбележувањето на 80-годишнина од кодификацијата на македонскиот литературен јазик

46. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за хируршки болести „Св. Наум Охридски“- Скопје

47. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за урологија - Скопје

48. Информација во врска со формирање на национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост во Република Северна Македонија, со Предлог - одлука

49. Извештај на Ректорот за работата на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола за периодот октомври 2023 година – септември 2024 година, со Годишен завршен финансиски извештај на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола за 2023 година

50. Иницијатива доставена од Народниот правобранител на Република Северна Македонија, доставена под НП бр.854/24 од 25.10.2024 година, за потребата од изменување и дополнување на член 2 став 1 од Законот за вработување на инвалидни лица

51. Понуда од нотар Анита Адамческа од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 960796, за КО Чаир, на КП бр.1568/82 и КП бр.1568/83, викано место/улица „Стари Водовод" и Имотен лист бр. 92982, за КО Чаир, на КП бр.1568/80 и КП бр.1568/81, викано место/улица „Стари Водовод"

52. Понуда од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2100, за КО Ињево на КП бр. 7339/1 викано место/улица „Ињево"

53. Понуда од нотар Фатмир Ајрули од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.54844 за КО Визбегово, на КП бр.1675/2, викано место/улица „Марковец"

54. Понуда од нотар Оливера Пешиќ од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.5957 за КО Злокуќани, на КП бр.1416/1 и КП бр.1416/2, викано место/улица „Скупи"

55. Понуда од нотар Ана Весова од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.3932, за КО Ѓорче Петров 4 - Влае, на КП бр.8075, викано место/улица „Мраморец"

56. Понуда од нотар Диана Бардаров од Штип, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.101810, за КО Штип 3, на КП бр.4844, викано место/улица „Град"

57. Понуда од нотар Сашка Јанчевска Дамјановска од Битола, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.95084, за КО Битола 1/2, на КП бр.5350/1, викано место/улица „Довлеџик"

58. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 93703 за КО Чаир, на КП бр.141/4 викано место/улица „Чаир"

59. Понуда од нотар Горан Каранфиловски од Штип за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.598, за КО Крупиште, на КП бр.397/1, викано место/улица „Герен"

60. Понуда од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.193472, за КО Драчево 2, на КП бр.7566, викано место/улица „Велковски круши"

61. Понуда од нотар Дритон Зибери од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1986, за КО Бутел на КП бр.3139, викано место/ улица „Бутелска“

62. Понуда од нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.732, за КО Сретеново, на КП бр.1684, викано место/улица „Мрдаја“

63. Понуда од Нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 7245, за КО Сретеново, на КП бр. 1714, викано место/улица „Мрдаја“

64. Понуда од нотар Башким Амети од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.96122, за КО Ѓорче Петров 2- Мирче Ацев на КП бр.5433, викано место/улица „Радушка“

65. Понуда од нотар Антонио Јанчев од Гевгелија, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 11199, за КО Миравци, на КП бр.6664 и КП бр. 6665, викано место/улица „Миравци“

66. Понуда од нотар Нерџиван Идризи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 98587, за КО Ѓорче Петров 6 - Ѓорче Петров на КП бр. 6242/2 викано место/улица „Шидска“

67. Известување од извршител Гордана Џутеска од Охрид, доставено под И.бр.1895/2022 година, за Налог за извршување врз недвижен имот запишан во Имотен лист бр.21869 за КО Охрид 4, на КП бр.3848, викано место/улица „Живко Чинго“ бр.186 Охрид

68. Кадровски прашања

69. Прашања и предлози

70. Информација за реализираниот проект за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за лето 2024 година

71. Извештај за работата на Државниот испитен центар за 2023 година и Финансиски извештај на Државниот испитен центар за 2023 година

72. Информација во врска со ангажирање на квантен експерт во арбитражната постапка поведена од страна на FCL Ambiente S.r.l. v. Republic of North Macedonia (ICSID Case No. ARB/23/31) пред Меѓународниот центар за решавање на Инвестициски спорови (ICSID), со прилози

73. Тримесечен извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје за втор квартал 2024 година

74. Тримесечен извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје, за трет квартал 2024 година

75. Информација за наплатата на ненаплатени побарувања кон јавните комунални претпријатија корисници на вода од регионалниот водоснабдителен систем Студенчица

76. Информација за ненаплатените долгови и проблемите со наплатата од јавните комунални претпријатија корисници на вода од регионалниот водоснабдителен систем Студенчица

77. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за водоснабдување Студенчица - Кичево, за третиот квартал (1.7.-30.9.2024 година) од 2024 година, со прилози

78. Тримесечен финансиски извештај за периодот јули-септември 2024 година на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-Берза - Скопје

79. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за периодот април-јуни 2024 година

80. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, за период од 1.4.2024 година до 30.6.2024 година

81. Шестмесечен извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности, за периодот јануари - јуни 2024 година

82. Информација во врска со одржување Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп закажано за 3.2.2025 година

83. Информација во врска со потребните задачи и активности кои треба да се преземат од страна на министерот без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030

84. Предлог - одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2025 година

*

*         *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Четириесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 декември 2024 година.

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година, на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да подготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година, на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Исто така, Владата заклучи:

1. Се укажува на новото раководство на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година, на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, дополнителните материјали да ги достави до Управата за финансиска полиција и Основното јавно обвинителство на Република Северна Македонија и за истото во рок од 30 дена да ја информира Владата.

2. Се укажува на Државниот завод за ревизија целосната документација, односно предметниот материјал, да го достави до Управата за финансиска полиција и Основното јавно обвинителство на Република Северна Македонија.

**Точка 2**

Владата ги разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија (Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531)) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија (Сметка за средства од Фондот (737)), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ја задолжи Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија да подготви Акциски план со точно утврдени активности,

одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од конечните извештаи и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Исто така, Владата ја задолжи Управата за финансиска полиција да изврши увид во документацијата на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија.

## Точка 3

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 25 декември 2024 година до 31 декември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 4

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 1 јануари 2025 година до 7 јануари 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 5

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 25 декември 2024 година до 31 декември 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 6

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на

безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 1 јануари 2025 година до 7 јануари 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Статутот на Агенцијата за управување со одземен имот, со текст на Статут и со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Агенцијата за управување со одземен имот.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од отстапување на движни ствари - теренски неисправни возила на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ – Скопје, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о. – Скопје.

**Точка 9**

Владата по Годишната сметка, Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2023 година, Финансиските извештаи за годината што завршува на 31 декември 2023 година и Извештајот на независниот ревизор, со предлог - одлуки и согласно расправата на седницата на Владата заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2023 година.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2023 година.

Исто така, да се има предвид укажувањето на Министерството за финансии, за рационално користење на средствата во претпријатието.

**Точка 10**

Владата по Годишната сметка за 2023 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје, Годишниот извештај на работењето што завршува на 31 декември 2023 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје и Финансискиот извештај за годината што завршува на 31 декември 2023

година и Извештајот на Независниот ревизор за 2023 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје, со дополнување и со предлог-одлуки, ги донесе следните одлуки:

1. Одлука за давање на согласност на Годишниот извештај за работењето за 2023 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје.

2. Одлука за давање на согласност на Годишната сметка за 2023 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје.

3. Одлука за давање на согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени од работењето искажани во Годишната сметка за 2023 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје.

Истовремено, Владата заклучи Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје да подготви и до Владата да достави акциски план за надминување на забелешките од независниот ревизор во делот на начинот на евидентирање на недвижности, постројки и опрема, како и евиденција на побарувања за кои постои значајно сомневање и неизвесност за нивна наплата, во рок од 30 дена.

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје (деловен простор - Имотен лист бр.52837, КО Центар 1, КП бр.13407).

**Точка 12**

Владата ја разгледа Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево, со Предлог - одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за промена на Статут на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро – Берза – Скопје со Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро – Берза – Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро – Берза – Скопје.

## Точка 14

Владата по Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2025 година, со Предлог – одлука ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2025 година.

Истовремено потребно е да се разгледа можноста за изменување и дополнување на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2025 година во делот проекти кои ќе отпочнат во 2025 година и тоа:

- Требош - Непроштено - втора фаза и
- изградба на патот - Кондово - Радуша - Јегуновце доколку се обезбедат средства за истото.

## Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на разрешување на спор со изведувачот на работите на Лот 2, Рехабилитација на регионален пат Р1202, делница Маврови Анови - Жировница, финансиран со средства од заем од ЕБОР, со текст на Договор за порамнување (Спогодба) и Анекс на Договор бр.5 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го одобри текстот на Договорот за порамнување (Спогодба) за регулирање на меѓусебниот спор по однос на доставената 11 Времена ситуација и Побарување бр. 3 од страна на изведувачот во врска со реализација на Договорот за Лот 2, Рехабилитација на регионален пат Р1202, делница Маврови Анови - Жировница, финансиран со средства од заем од ЕБОР (склучен согласно услови на Договор за Градба, 1-ва едиција 1999 година, ФИДИК - Црвена Книга), помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта како работодавач и ЈВ „ИСА-Пелагонија“ како изведувач на работите.

2. Се задолжуваат Управниот одбор и Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта да ги донесат сите потребни акти за склучување на Договорот за порамнување (Спогодба) со ЈВ „ИСА- Пелагонија“ и да се овласти директорот на Јавното претпријатие за државни патишта да ја потпише Спогодбата.

3. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта да го потпише Анексот на Договор бр. 5 кон Договорот за Лот 2, Рехабилитација на регионален пат Р1202, делница Маврови Анови - Жировница, врз основа на склучениот Договор за порамнување (Спогодба).

4. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта да ја исплати Завршната ситуација на вредност од 182.615.260.00 денари, изготвена од страна на Надзорниот инженер согласно склучениот Договор за порамнување (Спогодба).

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на финансирањето на проектот Реконструкција и рехабилитација на државен пат А2 делница Крива Паланка - Деве Баир, км 0+000 - км.13+000, ја усвои Информацијата и ги донесе следниве заклучоци:

1. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта да го потпише Анексот бр.9 на Договорот за рехабилитација и реконструкција на државен пат А2, делница Крива Паланка-Деве Баир, км 0 + 000 до км 13 + 000.

2. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта да ги исплати осмата времена ситуација од Втората фаза на изградбата на делницата Крива Паланка - Деве Баир, како и Завршната ситуација за истиот Договор, откако ќе биде потпишан Анексот бр.9 кон Договорот.

За средствата кои недостасуваат во заемот од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) во износ од 45.096.554,00 МКД да искористи средства од сопствениот буџет.

**Точка 17**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (педесет и деветта одлука).

**Точка 18**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (шеесетта одлука).

**Точка 19**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (шеесет и прва одлука).

**Точка 20**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (шеесет и трета одлука).

**Точка 21**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (шеесет и шеста одлука) (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 22**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за продажба на станови, локали и паркинг места во објект АРМ четврт 1 Блок 2 објект 2.2 во Битола.

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на продажни цени за објект АРМ четврт 1 Блок 2 објект 2.2 во Битола.

## Точка 23

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

## Точка 24

Владата ја донесе Одлуката за давање на стопанисување на недвижна ствар на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

## Точка 25

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба (на КП бр.1924/9 за КО Струга, запишан во Имотен лист бр.98569).

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор (на КП бр.1924/9 за КО Струга, запишан во Имотен лист бр.98569).

## Точка 26

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Лозово).

## Точка 27

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за утврдување на структурата на системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за доставено Барање бр.11-7468/5 од 20.9.2024 година, за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на Јавното претпријатие за државни патишта кон Европската банка за обнова и развој поради неможност за отплата на доспеаните обврски, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии да склучи договори за регулирање на доспеаниот долг

на Јавното претпријатие за државни патишта кон Министерството за финансии по активираната државна гаранција, односно по платената рата на 20.8.2024 година за I и II транша по Договор за обезбедување на државна гаранција бр.15-5960/1 од 27.3.2015 година и Анекс бр.1 кон Договорот за обезбедување на државна гаранција бр.15-20241/1 од 29.12.2015 година, за исполнување на обврските по Договорот за заем за финансирање на Програмата за национални патишта, склучен помеѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта-Скопје и Амандманот бр.1 склучен помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта-Скопје, Република Македонија и Европската банка за обнова и развој, со рок на враќање од 10 години (120 месечни рати),  без пресметка на редовна камата, со грејс период од пет години, со што отплатата кон Министерството за финансии да почне од 1.9.2029 година, на износ и под услови како што е утврдено во оваа информација.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за доставено Барање бр.11-6792/1 од 29.7.2024 година, за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на Јавното претпријатие за државни патишта кон Експорт-Импорт банка на Кина, поради неможност за отплата на доспеаните обврски, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии да склучи договор за регулирање на доспеаниот долг на Јавното претпријатие за државни патишта кон Министерството за финансии по активираната државна гаранција, односно платена рата на 21.7.2024 година по двата договори за обезбедување на државна гаранција бр. 14-10754/2 од 24.6.2014 година, за исполнување на обврските по Договорот за заем за „Проектот за изградба на Автопат – делница Миладиновци-Штип“, склучен помеѓу Експорт – Импорт банка на Кина и Јавното претпријатие за државни патишта Скопје, со рок на враќање од 10 години (120 месечни рати), без пресметка на редовна камата, со грејс период од пет години, со што отплатата кон Министерството за финансии да почне од 1.7.2029 година, на износ и под услови како што е утврдено во оваа информација.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на институции корисници на проекти финансирани од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), со предлог - одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за правда - Управата за извршување на санкции.

2. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправната установа - Казнено-поправен дом Идризово со отворено одделение Велес.

3. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправниот дом Штип.

4. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправниот дом од отворен вид Струга.

5. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Затвор Прилеп.

6. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Затвор Скопје.

7. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Затвор Битола.

8. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Затвор Охрид.

9. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Затвор Гевгелија.

10. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Затвор Струмица.

11. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка.

12. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Казнено - поправната установа Затвор Тетово.

13. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Воспитно - поправниот дом Тетово (с.Волковија, Општина Брвеница).

14. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

15. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за правда.

16. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Академијата за судии и јавни обвинители.

17. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

18. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

19. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

20. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Основното јавно обвинителство Кичево.

21. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Основното јавно обвинителство Кавадарци.

22. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Основното јавно обвинителство Струмица.

23. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Основното јавно обвинителство Битола.

24. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Основното јавно обвинителство Куманово.

25. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Основното јавно обвинителство Охрид.

26. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Основното јавно обвинителство Велес.

27. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Основното јавно обвинителство Штип.

28. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Основното јавно обвинителство Кочани.

29. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Основното јавно обвинителство Тетово.

30. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Основното јавно обвинителство Гостивар.

## Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договор за доделување на државна помош бр.12-68/13 од 31.7.2015 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и компанијата Кранфилд Фаундри ДООЕЛ Скопје, Анекс 1 кон Договорот со арх. бр. 13-8462/1 од 5.9.2018 година, Анекс 2 кон Договорот со арх. бр. 13-6307/1 од 23.6.2020 година и Анекс 3 кон Договорот со арх. бр.09-11437/1 од 15.10.2021 година и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Кабинетот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, до компанијата Кранфилд Фаундри ДООЕЛ Скопје да испрати

писмено известување со барање за поврат на целокупната примена финансиска поддршка и договорна казна во вкупен износ од 131.806.278,00 денари, која корисникот има обврска да ја врати во рок од 60 дена од доставувањето на писменото известување, согласно следната динамика:

• Прва уплата во износ од 100.000 евра и достава на банкарска гаранција во вредност еднаква на целокупната примена финансиска поддршка и договорната казна во вкупен износ од 131.806.278,00 денари, најдоцна до 15.2.2025 година.

• Поврат на останатиот дел од средствата почнувајќи од 1.7.2025 година на 30 еднакви месечни рати заклучно со 31.12.2027 година, со грејс период од шест месеци.

**Точка 32**

Владата ја донесе Одлуката за склучување на анекс на договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата.

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за намалување на цената на становите во општествена сопственост.

**Точка 34**

Владата го донесе Решението за овластување на потписник за склучување на договори за купопродажба на станови.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година и ја донесе Програмата со заклучок од текстот на Програмата да изостане делот „Предлог - одлука за определување бодови за критериумите за давање приоритет на предлог - проектите за јавни инвестиции“, а истото да се уреди во Предлог - уредбата за управување со јавни инвестиции, која Министерството за финансии ќе ја достави до Владата.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за Стратегијата за сајбер безбедност (2025 - 2028), со текст на Стратегија и Акциски план (2025-2027) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја усвои Стратегијата за сајбер безбедност 2025-2028.

2. Го прифати Акцискиот план (2025-2027) за спроведување на Стратегијата за сајбер безбедност 2025-2028.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за утврдување на вредноста на бодовите за пресметување на платите на вработените во Министерството за одбрана согласно Законот за вработените во Министерството за одбрана, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за утврдување на вредноста на бодовите за пресметување на платите на вработените во Министерството за одбрана.

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „KIS EXERCISE - 2025“, во Република Турција.

**Точка 39**

Владата ја донесе Уредбата за утврдување на формула за утврдување на каталошката вредност на учебникот.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Меѓународно право“ на англиски јазик, на Правниот факултет при Меѓународниот балкански универзитет во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Меѓународно право“ на англиски јазик, на Правниот факултет при Меѓународниот балкански универзитет во Скопје.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Менаџмент во услужен сектор“ на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Менаџмент во услужен сектор“ на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Технологија“ на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение,

ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Технологија“ на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

## Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Металургија“ на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Металургија“ на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

## Точка 44

Владата ја разгледа Информацијата за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Психологија“ на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Психологија“ на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

## Точка 45

Владата ја разгледа Информацијата за одбележување на 80-годишнина од кодификацијата на македонскиот литературен јазик и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за култура и туризам, Министерството за образование и наука, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, а се укажува на Македонската академија на науките и уметностите, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје - Филолошки факултет „Блаже Конески“ Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ Битола - Педагошки факултет Битола, Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип - Филолошки факултет Штип, Универзитетот во Тетово – Филолошки факултет Тетово, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје - ЈНУ Институтот за македонска литература Скопје, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје - ЈНУ Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ Скопје, НУ - Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Скопје, НУ Македонскиот народен театар Скопје, Јавно радиодифузно претпријатие Македонската радиотелевизија - Скопје и АД Пошта на Северна Македонија-Скопје во рок од 7 (седум) дена да номинираат до Министерството за култура и туризам претставници од своите институции кои ќе бидат членови на

Координативното тело за изработка на Програмата за одбележување на 80-годишнина од кодификацијата на македонскиот литературен јазик.

2. Се задолжува Министерството за култура и туризам во рок од 5 (пет) дена по добивање на номинациите да формира Координативно тело за изработка на Програмата за одбележување на 80-годишнина од кодификацијата на македонскиот литературен јазик.

3. Се задолжува Координативното тело да ја изработи програмата за одбележување на 80-годишнина од кодификацијата на македонскиот литературен јазик, најдоцна до 20 февруари 2025 година.

4. Се задолжува Министерството за култура и туризам да ја достави предлог-програмата за одбележување на 80-годишнина од кодификацијата на македонскиот литературен јазик до Владата, најдоцна до 26 февруари 2025 година.

## Точка 46

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за хируршки болести „Св. Наум Охридски"- Скопје.

## Точка 47

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за урологија - Скопје.

## Точка 48

Владата ја разгледа Информацијата во врска со формирање на национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост во Република Северна Македонија, со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за формирање на национално координативно тело за имплементација на конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост во Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат Министерството за спорт, Министерството за јавна администрација, Министерството за дигитална трансформација и Министерството за економија и труд, а се препорачува на Институтот за специјална едукација и рехабилитација при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје во рок од седум дена до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да доставaт номинации за член и заменик член во националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост во Република Северна Македонија.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во рок од седум дена до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да достави номинација на едно лице за административни работи и две лица за координација и стручни прашања за потребите на Секретаријатот на националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост во Република Северна Македонија.

4. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија во рок од седум дена по добивање на номинациите, да подготви и достави до Владата на Република Северна Македонија Предлог-решение за именување на координатор, членови и заменици членови на националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост во Република Северна Македонија.

**Точка 49**

Владата го разгледа Извештајот на Ректорот за работата на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола за периодот октомври 2023 година - септември 2024 година, со Годишен завршен финансиски извештај на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола за 2023 година и притоа го утврди следното мислење:

Извештајот на Ректорот за работата на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола за периодот октомври 2023 година - септември 2024 година, со Годишен завршен финансиски извештај на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола за 2023, е изготвен согласно Правилникот за содржината и формата на извештајот за работата на Ректорот број 1410-53 од 12 ноември 2021 година.

Годишниот завршен финансиски извештај за 2023 година содржи показатели за финансиско работење на Универзитетот и единиците во неговиот состав и истите се усогласени со Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија, нема забелешки.

**Точка 50**

Владата ја одложи од разгледување Иницијативата доставена од Народниот правобранител на Република Северна Македонија, доставена под НП бр.854/24 од 25.10.2024 година, за потребата од изменување и дополнување на член 2 став 1 од Законот за вработување на инвалидни лица, за наредната седница на Владата.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анита Адамческа од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 960796, за КО Чаир, на КП бр.1568/82 и КП бр.1568/83, викано место/улица „Стари Водовод“ и Имотен лист бр. 92982, за КО Чаир, на КП бр.1568/80 и КП бр.1568/81, викано место/улица „Стари Водовод“ и по Понудата ги усвои Известувањето на Министерството за транспорт и Мислењето на Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2100, за КО Ињево, на КП бр. 7339/1, викано место/улица „Ињево“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фатмир Ајрули од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.54844 за КО Визбегово, на КП бр.1675/2, викано место/улица „Марковец“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Оливера Пешиќ од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.5957 за КО Злокуќани, на КП бр.1416/1 и КП бр.1416/2, викано место/улица „Скупи“ и по Понудата ги усвои Известувањето на Министерството за транспорт и Мислењето на Министерство за финансии – Управа за имотно-правни работи.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Весова од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.3932, за КО Ѓорче Петров 4 - Влае, на КП бр.8075, викано место/улица „Мраморец“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Диана Бардаров од Штип, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.101810, за КО Штип 3, на КП бр.4844, викано место/улица „Град“ и по Понудата ги усвои Известувањето на

Министерството за транспорт и Мислењето на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашка Јанчевска Дамјановска од Битола, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.95084, за КО Битола 1/2, на КП бр.5350/1, викано место/улица „Довлеџик“ и по Понудата, ги усвои негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Државното правобранителство на Република Северна Македонија, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 93703 за КО Чаир, на КП бр.141/4, викано место/улица „Чаир“ и по Понудата, ги усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, мислењата на Државното правобранителство на Република Северна Македонија и Управата за заштита на културното наследство, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Горан Каранфиловски од Штип за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.598, за КО Крупиште, на КП бр.397/1, викано место/улица „Герен“ и по Понудата ги усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.193472, за КО Драчево 2, на КП бр.7566, викано место/улица „Велковски круши“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Дритон Зибери од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1986, за КО Бутел на КП бр.3139, викано место/улица „Бутелска“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

## Точка 62

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.732, за КО Сретеново, на КП бр.1684, викано место/улица „Мрдаја“ и по Понудата го усвои новото Известување од Министерството за транспорт.

## Точка 63

Владата ја разгледа Понудата од Нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 7245, за КО Сретеново, на КП бр. 1714, викано место/улица „Мрдаја“ и по Понудата ги усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

## Точка 64

Владата ја разгледа Понудата од нотар Башким Амети од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.96122, за КО Ѓорче Петров 2- Мирче Ацев на КП бр.5433, викано место/улица „Радушка“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт.

## Точка 65

Владата ја разгледа Понудата од нотар Антонио Јанчев од Гевгелија, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 11199, за КО Миравци, на КП бр.6664 и КП бр. 6665, викано место/улица „Миравци“ и по Понудата ги усвои Известувањето на Министерството за транспорт и негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 66

Владата ја разгледа Понудата од нотар Нерџиван Идризи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 98587, за КО Ѓорче Петров 6 - Ѓорче Петров на КП бр. 6242/2 викано место/улица „Шидска“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

## Точка 67

Владата по Известувањето од извршител Гордана Џутеска од Охрид, доставено под И.бр.1895/2022 година, за Налог за извршување врз недвижен имот запишан во Имотен лист бр.21869 за КО Охрид 4, на КП бр.3848, викано место/улица „Живко Чинго“ бр.186 Охрид, го усвои Известувањето на Министерството за транспорт.

## Точка 68

По однос на оваа точка немаше предлози.

## Точка 69

**1.** Владата го разгледа Барањето од Асоцијацијата на спортски обложувалници на Македонија АСОМ – Скопје, за итно постапување за запирање на нелегално приредување на игри на среќа преку интернет и го задолжи Министерството за дигитална трансформација да подготви и до наредната седница на Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации, во кој ќе се предложат решенија за воспоставување ефикасен правен механизам за ограничување на пристапот до нелегалните интернет платформи за приредување игри на среќа.

Предлогот на закон претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и притоа да се обезбедат мислења од Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

**2.** Постапувајќи по Заклучокот, донесен по Информацијата за испорака на предлог минимум сајбер безбедносни стандарди за владините институции, како дел од проектот „Регионална сајбер безбедност во Западен Балкан“, финансиран од Владата на Обединетото Кралство, на седницата на Владата, одржана на 12 ноември 2024 година, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во соработка со Министерството за дигитална трансформација подготви Предлог - агенда за организација на напредна работилница во комбинација со симулирана вежба базирана на сценарио ТТХ за подигнување на свеста за сајбер заканите и управување со сајбер кризи, со членовите на Владата на Република Северна Македонија.

Согласно ова, Владата заклучи:

- Се задолжуваат претседателот на Владата на Република Северна Македонија, министерот за одбрана, министерот за внатрешни работи, министерот за надворешни работи и надворешна трговија, министерот за дигитална трансформација, министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, министерот за финансии, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, министерот за транспорт, директорот на Центарот за управување со кризи, директорот на Дирекцијата за заштита и спасување, директорот на Агенцијата за национална безбедност, директорот на Бирото за јавна безбедност и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, а се препорачува на Претседателот на Република Северна Македонија, претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, претседателот на собраниската Комисија за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите, претседателот на собраниската Комисија за одбрана и безбедност, претседателот на собраниската Комисија за надзор над работата на Агенцијата за национална безбедност и на Агенцијата за разузнавање, директорот на Агенцијата за разузнавање, началникот на Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија, да присуствуваат на завршната вежба базирана на сценарио наменета за министрите во Владата и претседателот на Владата.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Информацијата за реализираниот проект за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за лето 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 71**

Владата ги разгледа Извештајот за работата на Државниот испитен центар за 2023 година и Финансискиот извештај на Државниот испитен центар за 2023 година, како материјали за информирање.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со ангажирање на квантен експерт во арбитражната постапка поведена од страна на  FCL Ambiente S.r.l. v. Republic of North Macedonia (ICSID Case No. ARB/23/31) пред Меѓународниот центар за решавање на Инвестициски спорови (ICSID), со прилози, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 73**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ – Скопје за втор квартал 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 74**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје, за трет квартал 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Информацијата за наплатата на ненаплатени побарувања кон јавните комунални претпријатија корисници на вода од регионалниот водоснабдителен систем Студенчица, како материјал за информирање.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата за ненаплатените долгови и проблемите со наплатата од јавните комунални претпријатија корисници на вода од регионалниот водоснабдителен систем Студенчица, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата формира работна група со претставници од Јавното претпријатие за водоснабдување Студенчица – Кичево, Министерството за финансии, Министерството за економија и труд, Министерството за локална самоуправа, Министерството за правда и Министерството за животна средина и просторно планирање, која да изнајде соодветно решение/начин за надминување на проблемот во однос на ненапалтените долгови и проблемите со наплата од јавните комунални претпријатија.

**Точка 77**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за водоснабдување Студенчица-Кичево, за третиот квартал (1.7.-30.9.2024 година) од 2024 година, со прилози, како материјал за информирање.

Исто така, да се има предвид укажувањето од Министерството за финансии, претпријатието да ги рационализира непродуктивните трошоци.

**Точка 78**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за периодот јули-септември 2024 година на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-Берза-Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 79**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за периодот април-јуни 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 80**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, за период од 1.4.2024 година до 30.6.2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид негативното Мислење на Министерството за финансии.

**Точка 81**

Владата го разгледа Шестмесечниот извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности, за периодот јануари - јуни 2024 година, како материјал за информирање.

## Точка 82

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со одржување Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 3.2.2025 година, за наредната седница на Владата, поради потребата Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за финансии да достават мислења по истата.

## Точка 83

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребните задачи и активности кои треба да се преземат од страна на министерот без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се препорачува на единиците на локалната самоуправа во кои е застапено значителен број ромско население, на секои шест месеци да ги ревидираат локалните акциски планови за подобрување на состојбата на Ромите.

2. Се задолжува д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, на секои шест месеци да ја информира Владата за преземените активности во врска со реализацијата на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, односно националните акциски планови.

## Точка 84

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2025 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:00 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Игор Јанушев**

**Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**